Број на Службен весник:28/2025
Датум на објава на Службен весник:10.02.2025
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 8 став (5) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/23 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЛОВСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува видот и обемот на активностите кои ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 254/24), раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Програма 2 - Шумарство, Потпрограма 20 - Шумарство, ставка 485 - Вложувања и нефинансиски средства, корисниците на средствата, износот на средствата и начинот на користење на средствата за 2025 година.

II

За извршување на активностите од дел I од оваа програма, предвидени се средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во износ од 3.000.000,00 денари и тоа за:

ВИД НА МЕРКА	КРИТЕРИУМ И ВИСИНА НА ПОДДРШКА	ВКУПНО ИЗДВОЕНИ СРЕДСТВА
Финансиска поддршка за развој и унапредување на ловството		
Исполнување на обврските на Владата на Република Северна Македонија согласно со договорс за управување со државните ловишта		
А. Финансирање на трошоци за храна на дивечот	Критериум: потпишан договор за управување со дивечот во ловиште Висина на поддршка: 50% од трошоците	1.500.000,00
Б. Финансирање на трошоци за изградба на ловнотехнички објекти (хранилишта, солишта, поилишта и др.).	Критериум: - потпишан договор за управување со дивечот во ловиште Висина на поддршка: 50% од трошоците	
Награда за уловен дивеч без посебна заштита		1.000.000,00

Финансирање за учество на семинари, советувања, саеми и слични манифестации		500.000,00
ВКУПНО:	3.000.000,00	

III

Финансиските средства од дел II точки 1 и 2 од оваа програма ќе ги користат управувачите со дивечот во државните ловишта и физички лица кои имаат уловено дивеч без посебна заштита.

Финансиските средства од дел II точка 3 од оваа програма ќе ги користат корисниците на дивечот во ловиштата и управувачите со дивечот во државните ловишта, за учество на семинари, советувања, саеми и слични манифестации.

IV

Исплатата на средства од дел II точка 1 од оваа програма ќе се врши врз основа на склучен договор за управување со дивечот во државните ловишта помеѓу Владата на Република Северна Македонија и управувачот со државно ловиште и врз основа на документација за извршени работи.

Исплатата на средства од дел II точка 2 од оваа програма ќе се врши врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по претходно изготвен записник од Комисија за утврдување на уловен дивеч без посебна заштита.

Исплатата на средства од дел II точка 3 од оваа програма ќе се врши врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а по претходно доставено барање од страна на корисникот на дивечот во ловиштето и управувачот со дивечот во државното ловиште.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-263/9
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.